РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ШТИП
Бр. 09-3356/2
20-05-2026 20___ год.
Штип

МОS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

# ОПШТИНА ШТИП

Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари на Општина Штип, постапувајќи по службена должност во постапката по Објава бр. 05/2026 со деловоден број 09-3356/1 од 8.5.2026 година врз основа на член 124 од Закон за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015) го донесува следното

## РЕШЕНИЕ

1. Објавата бр. 05/2026 со деловоден број 09-3356/1 од 8.5.2026 година, за давање под закуп на недвижна ствар – објект (затворен базен) на КП 10371/2 од КО Штип 4, објавена во дневен печат „Нова Македонија" и „Вечер" на ден 9.5.2026 година и информацискиот систем www.e-stvari.mk **СЕ ПОНИШТУВА.**
2. Оваа решение стапува на сила со денот на донесувањето, а истото ќе биде објавено во дневен печат „Нова Македонија" и „Вечер" на ден 9.5.2026 година и информацискиот систем www.e-stvari.mk.

## Образложение

Од страна на Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари на Општина Штип во дневен печат „Нова Македонија" и „Вечер" на ден 9.5.2026 година и информацискиот систем www.e-stvari.mk се објави Објава бр. 05/2026 со деловоден број 09-3356/1 од 8.5.2026 година.

Постапувајќи по службена должност Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари на Општина Штип на ден 20.5.2026 година, при увид во информацискиот систем www.e-stvari.mk утврди дека од страна на одговорното (администратор за Општина Штип) за постапување во информацискиот систем www.e-stvari.mk погрешно е прикачен документ насловен како „ОБЈАВА број 052025" кој документ се однесува на објава на друга ствар во сопственост на Општина Штип за кој веќе е спроведена постапка за давање под закуп.

Иако од страна на комисијата за располагање со недвижни и движни ствари на Општина Штип до одговорното лице (администратор за Општина Штип) за постапување во информацискиот систем www.e-stvari.mk по електронска пошта е доставен за објава документ од Објава бр. 05/2026 со деловоден број 09-3356/1 од 8.5.2026 година и иако во дневен печат „Нова Македонија" и „Вечер" е објавена соодветната објава - Објава бр. 05/2026 со деловоден број 09-3356/1 од 8.5.2026 година, погрешното прикачување на друг документ во информацискиот систем www.e-stvari.mk претставува неправилност која може да оневозможи учество на постапката на заинтересираните подносители на пријава по истата.

Поради ова се утврди дека е исполнет условот предвиден во членот 124 став 1 алинеја 6 од Законот за општата управна постапка.

Поради сето погоре наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова Решение може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на објавување на истото во дневен печат и информацискиот систем www.e-stvari.mk до Управен суд на Република Северна Македонија.

**Комисија за располагање со недвижни и движни ствари на Општина Штип**

1. Лазар Хаџи-Николов, претседател
2. Ане Опашинов, член
3. Ана Давиткова, заменик член

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ШТИП 1



Scanned with CamScanner